

**д-р НЕВЕНКА ДУКОВСКА - пијано**

Невенка Дуковска (Трајкова) е родена во Скопје 1984 год. потекнува од музичка фамилија, а со пијаното се дружи од својата најрана возраст. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ.„Сергеј Михајлов“ во Штип ,каде што работи и живее. Дипломира и магистрира на отсекот пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ - Софија , Р.Бугарија во класата на Проф.Антон Диков и асистент Елена Дикова. Магистрира на истата академија - отсек пијано,а во 2013г. докторира во областа на камерната музика и корепетицијата, преку која што ја истражува ,а воедно и афирмира современата музика . Во моментот работи како вонреден професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ на Музичката академија во Штип.Д-р Невенка Дуковска е дел од многу Меѓународни натпревари, како уметнички директор, претседател на организационен одбор и како член на меѓународни жири комисии во Македонија и странство.Покрај многубројните солистички концерти има настапувано и со најразлични камерни состави и ансамбли низ Македонија, Италија, Србија, Косово, Бугарија, Грција, Шпанија, Австрија и како дел од трио Grazioso на турнеја низ Словенија, два пати во Австрија (2015 и 2016 г.) и три пати на турнеја низ Мароко, Африка (2016, 2017 и 2018 г.).Во 2022г. реализира неколку концерти кои се проекти поддржани од министерство за култура. Во април 2022 настапи заедно со Ване Аревски во Њујорк, а во јуни два концерта во Шпанија (Мадрид и Сеговија), заедно со Кристина Палија-сопран. 2023 покрај многуте концерти низ државава, заедно со В.Аревски ја претставија Македонија и на сцените во Шведска. Настапува со повеќе еминентни музички изведувачи, а разновидноста на камерните состави со кои настапува и досегашната корепетиторска дејност го збогатуваат нејзиниот репертоар со кој често настапува на сцените низ Македонија и надвор од неа. Активно ја афирмира на концерти македонската современа музика и пишува многу за неа. 2021год.ја објави и својата прва книга „Современата нотација во литературата за пијано“, учебник објавен од УГД- Штип.Добитник е на повеќе први награди како пијанист, како и на награда од меѓународниот Арт фестивал „Езерски бисери“ – Струга за најдобар корепетитор на натпреварот. Добитник е и исто така и на две 8мо Ноемвриски признанија од град Штип и град Неготино. А 2018 година, доби и награда и признание од градоначалникот на градот M`diq , Мароко, за допринос во културата.

# УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ШТИП
# МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

# МАГИСТЕРСКИ ИСПИТ



**БЛАГИЦА ЈОРДАНОВА - СОПРАН**

**ПРОФ. М-Р. БОРИС ТРАЈАНОВ - МЕНТОР**

**ПРОФ. Д-Р. НЕВЕНКА ДУКОВСКА - ПИЈАНО**

**КОНЦЕРТНА САЛА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УГД, ШТИП.**

10.04.2025 12.00

УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

# ПРОГРАМ

- Полюбила я на печаль свою - S. Rachmaninoff
- Ständchen - F. Schubert
- Ave Maria - F. Shubert
- Malinconia ninfa gentile - V. Bellini
- O del mio amato ben - S. Donaudy
- Сон- С. Рахмањинов
- Вокализа - С. Рахмањинов
- O mio babbino caro - G. Pucchini
- Шар планинска приспивна - Т. Скаловски



**Благица Јорданова – Сопран**

Благица Јорданова е родена на 07.04.1999 година во Неготино. Средно музичко образование завршува во Д.М.У.Ц. “Сергеј Михајлов” во Штип како музичар изведувач, оддел соло пеење во класата на наставник Виолета Арсовска. Учествува на државни и меѓународни натпревари на кои освојува награди и пофалници. Добитник е на прва награда на Општински и Регионален натпревар во 2016 година на Државниот натпревар на Млади музичари за Средно музичко образование и трета награда на Меѓународниот музички фестивал во Аранѓеловац. Покрај натпреварите има настапувано на Републички хорски смотри и на разни Манифестации. Продолжува со студии на отсек соло пеење во класата на Проф. Марјан Николовски на Факултетот за Музичка уметност во Штип. Во 2018 година учествува на Еразмус + Предавања на Музичката Академија во Загреб, Р. Хрватска. За време на своите студии се истакнува како талентиран студент и зема учество на повеќето концерти организирани од страна на Музичката Академија. Во 2022 година учествува на Циклусот концерти “ VIRTUOSO” на Музичката Академија при Универзитетот “Гоце Делчев“– Штип. Се запишува на Доквалификација на Факулететот за Образовни науки во Штип и по одреден период се стекнува со Сертификат за стекнување на педагошко- психолошка подготовка на ФОН. Истата година издава дипломски концерт и дипломира со највисока оценка во класата на Професор М-р Марјан Николовски и продолжува на Втор циклус студии. Во својот роден крај Неготино, учествува на 75 години Јубилеј НУ Центар за култура “Ацо Ѓорчев” . Во Декември 2023 година се вработува како Образовен Асистент во Средно стручно училиште Кирил и Методиј - Неготино.